*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Број 21-*
*15.12.2025 година*
*Штип*

Врз основа на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2025 година, програмата Општинско корисна работам, Општина Штип објавува:

**Ј А В Е Н  О Г Л А С**

до

стари и лица со попреченост како корисници на услуги од страна на Асистент за стари и лица со попреченост-инструментални

1. Се повикуваат стари и изнемоштени лица и лица со попреченост за користење на бесплатни сервисни услуги од страна на Асистент за стари и лица со попреченост-инструментални да се пријават во Општина Штип во период од 15.12.2025 до 19.12.2025 година;
2. Сервисните услуги лицата ќе ги добиваат во времетраење од 18 месеци од страна на Асистентот;
3. На старите и изнемоштени лица и лица со попреченост ќе им бидат испорачани следниве видови на сервисни услуги:
   - Здравствена грижа и нега;
   - Помош при извршување на обврските надвор од домот;
   - Помош при одржување на хигиената во домот и личната хигиена;
   - Доставување и приготвување на оброци до и во домот;
   - Придружба и помош при посета на културни настани, прошетки и екскурзии;

   Потребни документи

   - Пријава за учество во програмата Општинско-корисна работа ;
   - Решение за попреченост или медицинска документација со која се потврдува здравствената состојба – фотокопија;
   - Лична карта на увид;

Заинтересираните лица може да пополната пријава во соба број 620, Одделението за јавни служби на Општина Штип.

Пополнетата пријава и потребните документи се доставуваат во Архива на Општина Штип.

Детални информации може да се добијат во Општина Штип во Одделение за јавни служби, лице за контакт Вања Џамбазова Николовска.

**Општина Штип**
**Градоначалник**
**Иван Јорданов**

*Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова -Ангелова*